20181292516

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9, став 1 под в) точка 1, член 56 став 1 точка 3 и член 69 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16,142/2016 и 171/2017), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 7 јуни 2018 година, донесе

ПРАВИЛНИК ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СПЕЦИЈАЛИЗИРАНА МЕДИЦИНСКА РЕХАБИЛИТАЦИЈА КАКО ПРОДОЛЖЕНО БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за специјализирана медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување („Службен весник на Република Македонија“ број 141/2014), во членот 7 став 5 на крајот на реченицата се додаваат зборовите: “по завршено болничко лекување“.

Член 2

Во член 12 став 2 по зборовите “ во период од една година“, се бришат зборовите “ сметано од денот на утврдување на правото“.

Член 3

Во членот 15, се додава нов став 1 кој гласи:

„Кога осигуреното лице не може да започне со специјализирана медицинска рехабилитација во рок од 2 месеца од денот на издавање на решението, поради акутно заболување и други медицински индикации, важењето на решението може дополнително да се продолжи најмногу за уште 2 месеци од денот на новонастанатата состојба. Правото на рехабилитација осигуреното лице го остварува со истото решение и ново мислење на Лекарската комисија на Фондот, со кое се одобрува продолжување на рокот на вежење на решението. Мислењето Лекарската комисија го издава врз основа на дополнителна медицинска документација, односно отпусното писмо или специјалистички извештај од здравствената установа каде е извршено лекувањето на новонастанатото заболување“.

Ставот 1 и 2 стануваат став 2 и 3

Член 3

Во Листата со индикации за остварување право на специјализирана медицинска рехабилитација, која е составен дел на овој Правилник, се прават следните измени:

Во делот на табелата „БОЛЕСТИ НА НЕРВНИОТ СИСТЕМ“, кај дијагнозата на болеста „Инфатилна церебрална парализа“, во колоната 5 зборовите „30 дена“ се менуваат со зборовите „21 ден, а за деца до 14 години 30 дена“

Во делот од табелата „БОЛЕСТИ НА МУСКУЛОСКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И СВРЗНОТО ТКИВО“ по редот за дијагноза на болеста, состојба или повреда “прогресивна системска склероза“ со шифра на дијагноза по МКБ10-М34, се додава нов ред кој гласи:

ЗАБОЛУВАЊЕ НА ЦЕРВИКАЛНИОТ ДИСК СО РАДИКУЛОПАТИЈА постоперативно	**М50.1**	неврохирург, ортопед,физијатар, трауматолог	отпусно писмо, отпусно писмо и специјалистички извештај по контролен преглед и конзилијарно мислење	најмногу до 21 ден

Во делот од табелата „БОЛЕСТИ НА МУСКУЛОСКЕЛЕТНИОТ СИСТЕМ И СВРЗНОТО ТКИВО“ за шифра на дијагноза по МКБ10-М51 во колона “предлог од соодветен специјалист/субспецијалист“ по зборот „физијатар“ се додава зборот „трауматолог“.

Во делот од табелата „ПОВРЕДИ“ во колона за дијагноза на болеста, состојба или повреда за шифра на дијагнозата по МКБ10- S47, зборот “подлактица“ се заменува со зборот “надлактица“

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Број 02-8514/29
12 јуни 2018 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Верица Проковиќ, с.р.